## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжени на Сто и десетата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 2 јули 2002 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, г-динот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме по 110-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Спанаков Ристо и Васил Гаџовски ме известија дека ќе отсуствуваат од оправдани причини.

Минуваме на точката 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за девизно работење со предлогот на заионот.

Претресот за донесување на предлогот на закон е претресен.

Заклучокот што треба да го дадам на гласање, неможам да го дадам на гласање, бидејќи сеуште овде немаме доволен број присутни пратеници. Затоа, во текот на денот ќе направиме прекин на работата по оваа седница и ќе се навратиме на ова.

Ве известувам дека уште не сме го добиле договорот што го бараше координаторот на пратеничката група, за да можеме да расправаме по осмата точка од дневниот ред, а не се добиени и информациите кои се овде уврстени во дневниот ред.

Врojатно, во текот на денешната седница Владата некои информации ќе ги утврди.

Затоа, сега ја прекинувам работата по 110-та седница и ќе поминеме на работа по 109-та седница.

(Седницата прекина со работа во 12,20 часот.)